Јавно претпријатие
КОМУНАЛЕН СЕРВИС Валандово
Бр. 02-31/3
13.01.2025 год.

# ИЗВЕШТАЈ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено | 13.01.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1/1 | | |

## За работата на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово за 2024 година

Јануари 2025

## ОПШТ ДЕЛ

Во текот на 2024 година, ЈП „Комунален сервис" Валандово непречено ја спроведуваше предвидената програма за работа и развој на претпријатието и тековно ги извршуваше своите законски определени работни задачи, односно ги даваше следниве услуги на граѓаните како претежна дејност од кој се состои најголем дел од приходот:

1. Собирање, преработка и снабдување со вода за пиење,
2. Одведување на урбани отпадни води,
3. Собирање, траспортирање и депонирање на комунален отпад,
4. Одржување на градски пазар
5. Јавна чистота
6. Управување и одржување на гробишта
7. Други услуги

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА ЈП „КОМУНАЛЕН СЕРВИС" ВАЛАНДОВО

Јавното претпријатие „Комунален сервис" Валандово е основано заради вршење на сите дејности од јавен интерес на општина Валандово утврдени во Законот за комунални дејности и Законот за јавни претпријатија. Основач на јавното претпријатие е Општина Валандово која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи. Претпријатието е основано со Решение бр. 2639 од 28.07.1958 година, а како јавно претпријатие за комунални работи „Комунален сервис" Валандово е основано со Решение Срег.бр. 2213/89 од 29.12.1989 година во Окружниот Стопански Суд – Скопје. Исто така извршено е и усогласување на претпријатието со нормите од Законот за јавните претпријатија со решение број 3012014003743 од 24.01.2014 година од Централен регистар на Република Македонија. Седиштето на претпријатието е на ул. „Ленинова" бр.1, Валандово.

## ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Заради обезбедување на меѓусебно поврзаните области и функции во надлежност на ЈП „Комунален сервис" Валандово, со цел за поефективна и поефикасна организација, координација и соработка се формирани следниве служби и одделенија:

I. **Административна служба**
   1. Одделение за финансиско работење
   2. Одделение за општи и правни работи

II. **Стручна служба**
   1. Одделение за водовод и канализација
   2. Одделение за комунална хигиена, гробишта и пазар

Моменталната состојба со работната сила во ЈП Комунален сервис Валандово е задоволителна. Во 2024 година претпријатието располагаше со 37 вработени во редовен работен однос на неопределно време, 17 со договор на дело, 4 преку Агенција за привремени

вработувања. Структурата на пополнети работни места на неопределено време од Правилникот за систематизација и организација на работни места изгледа вака:

| Работно место | Број на извршители |
|---|---|
| Архивар | 1 |
| Техничар за компјутерски системи и мрежи | 1 |
| Помлад соработник за планирање и спроведување на постапка за јавни набавки | 1 |
| Налогоиздавач во одделение за водовод и канализација | 1 |
| Магационер | 1 |
| Инкасант наплатувач | 2 |
| Одржувач инкасант по села | 2 |
| Водоинсталатер | 4 |
| Машинист на пумпа и резервоари | 3 |
| Самостоен одржувач на пумпи | 1 |
| Општ работник | 3 |
| Помошник бравар | 1 |
| Метач | 2 |
| Одржувач на паркови и зеленило | 1 |
| Работник за собирање на отпад | 6 |
| Возач на комунално возило | 1 |
| Ракувач на земјоделска машина | 2 |
| Одржувач на канализациона мрежа | 1 |
| Канализационен работник | 1 |
| Одржувач на православни гробишта | 1 |
| Хигиеничар | 1 |
| **Вкупно:** | **37** |

Во текот на 2024 година, ЈП„Комунален сервис“ имаше вкупно 4150 корисници, од кои 337 правни субјекти и 3813 физички лица.

Број на корисници

| корисници | Број на корисници |
|---|---|
| Валандово | 1455 |
| Раброво | 96 |
| Чалакли | 112 |
| Дедели | 64 |
| Бавчи | 180 |
| Удово | 289 |
| Јосифово | 448 |
| Пирава | 497 |

| | |
|---|---|
| Балинци | 105 |
| Марвинци | 146 |
| Брајковци | 142 |
| Грчиште | 76 |
| Кочули | 12 |
| Башибос | 43 |
| Калково | 102 |
| Казандол | 46 |
| Правни лица | 337 |
| **Вкупно** | **4150** |

**ВОДОСНАБДУВАЊЕ**

Водоснабдувањето, јавното препријатие го врши во населените места Валандово, Јосифово, Горна Маала, Удово, Раброво, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Чалакли, Дедели и Казандол. Најголемиот артески бунар, се наоѓа во близина на селото Чалакли, каде што се поставени две пумпи од 75 KWh и 25KWh, од каде што со вода се снабдуваат Валандово, Раброво, индустриска зона, Чалакли и Дедели. Градот Валандово делумно се снабдува со вода и од Изворот кај кој издашоста е доста променлива во зависност од врнежите и во текот на 2024 година се движеше од 5-10 л/ч. Во текот на 2024 година од страна на Советот на Општина Валандово, предадени се и системите за водоснабдување во населените места Казандол, Пирава, Калково, Собри, Башибос, Кочули и Прстен. ЈП Комунален сервис, во текот на 2024 година, поради недостатокот со вода во населеното место Казандол, изврши ископ на нов артески бунар за водоснабдување, беше набавена и нова пумпа, а се изврши и чистење и хиперхлорирање на водоводниот систем во населеното место.

Со цел обезбедување на чиста и здрава вода за пиење во текот на 2024 година, се изврши и ископ на нов артески бунар, со нов крак до главна линија во населеното место Балинци





Поради екстремната суша во 2024 година и зголемената побарувачка на вода, беа извршени поголем број на интервенции со цел обезбедување на вода за пиење кај сите домаќинства. Во Јосифово е поставен нов приклучок за електрична енергија со цел постојано работење на 3 пумпи. Со цел намалување на загубите на вода под градскиот базен во Валандово, на водоводна линија од изворот, поставена е нова линија во должина од 200 метри. Исто така во текот на 2024 година, поради испади во елетричната мрежа, направени се поголем број на дефекти на електромоторите на пумпите за водоснабдување со што беа заменети поголем број на пумпи во населените места Брајковци, Марвинци и Удово.

На територијата на општина Валандово во 2024 година извршени се вкупно 349 интервенции, на водоводна мрежа, 76 интервенции на канализациона мрежа и 35 интервенции на водомери.

Табеларен приказ на дефекти во водоводна линија по профил на цевка

| Ф-20 | Ф-25 | Ф-32 | Ф-40 | Ф-50 | Ф-63 | Ф-75 | Ф-90 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **36** | **44** | **28** | **21** | **7** | **45** | **12** | **13** |

| Ф-110 | Ф-125 | Ф-150 | Ф-200 | Ф-250 | Ф-315 | Хлор.пум |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **11** | **0** | **5** | **2** | **5** | **7** | **2** |

Работни часови на пумпна станица Чалакли

| месец | Пумпа 75 KWh | Пумпа 25 KWh |
|---|---|---|
| јануари | 271 | 460 |

| | | |
|---|---|---|
| Февруари | 279 | 394 |
| Март | 306 | 424 |
| Април | 406 | 305 |
| мај | 441 | 295 |
| јуни | 662 | 56 |
| јули | 591 | 129 |
| август | 612 | 113 |
| септември | 370 | 334 |
| Октомври | 373 | 359 |
| Ноември | 314 | 440 |
| Декември | 208 | 526 |
| **Вкупно** | **4833** | **3835** |

## КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

На територијата на општина Валандово со канализациона мрежа се покриени град Валандово, Јосифово, Удово, Брајковци, Балинци, Марвинци и Раброво. Најголеми проблеми со канализационата мрежа се појавуваат во Валандово, Јосифово и Удово, а се резултат на нестручна изградба на канализацијата поради обратни падови, големи падови, како и лошо изработени кинети. Исто така голем број на домаќинства атмосферските води од своите дворови ги испуштаат во канализационата мрежа, со што се намалува капацитетот на самата канализација, а при обилни врнежи и неможноста истите да бидат целосно примени во мрежата.

Во текот на 2024 година се направени 17 приклучоци на канализационата мрежа.



***Собирни решетки***

Собирни решетки за атмосферска вода во градот има 8 и во нив се врши таложење на песок и седимент, а истите во текот на 2024 година од страна на вработените беа исчистени.. Освен тековното нивно одржување се изврши и поправка на истите и со тоа се намалени штетите од поројните дождови.

Сливници служат за зафаќање на атмосферската вода и ги има околу 50 броја и кај нив се врши постојано чистење на наталожениот материјал.

Низ територијата на општината има и контролни шахти кои ги има околу 500 и од нив се врши проверка и чистење на канализацијата.

## СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Управувањето со отпадот на подрачјето на Општина Валандово не се разликува значително од тековната пракса што се применува на територијата на останатите рурални општини во Република Северна Македонија, во кои се уште не се целосно задоволени законски утврдените барања, како во делот на примената на принципите на хиерархија на отпадот, универзалност на услугата, заштитата на животната средина, како и во однос на надзорот врз спроведувањето на законот и примената на казнени мерки врз субјектите.

Управувањето со отпадот е збир на активности, мерки и одлуки наменети за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и негово негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи го и постапувањето со отпадот. ЈП „Комунален сервис" Валандово, собирањето на отпад го врши во населените места Валандово,Раброво, Пирава, Јосифово, Горна Маала, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Дедели, Чалакли, Казандол, Калково и Удово. Во овие населени места поставени се садови за отпад (контејнери) од 1,1 м$^3$, а во поголем број домаќинства и пластични корпи од 120 л.

Динамиката за собирање на сметот е определена со внатрешен оперативен план на ЈП Комунален Сервис, Валандово. Собирањето на смет се врши 6 дена во неделата и за таа цел се вклучени 2 специјализирани возила (камиони-ѓубрарки) со капацитет од 6 м$^3$ и 9 м$^3$, како и 2 трактора со капацитет од 3м$^3$ и 4м$^3$ со кој целосно се задоволува собирањето на смет од сите населени места.

Во текот на 2024 година, беа поставени нови 19 контејнери за собирање на отпад низ населените места, а беа уредени и 2 острова за селектиран отпад во град Валандово каде што граѓаните можат да го оставаат својот отпад од хартија, пластика и електронски отпад.




Во прилог е распоред на собирање на комуналниот отпад во текот на неделата.

**<u>Тип на возило: Камион марка „Mitsubishi Fuso“ капацитет 8m³</u>**

| Ден | Населено место/подрачје |
| --- | --- |
| **Понеделник** | • Валандово<br>• Раброво |
| **Вторник** | • Индустриска зона Раброво<br>• Чалакли<br>• Дедели<br>• Башибос<br>• Кочули |
| **Среда** | • Валандово-централно подрачје<br>• Валандово<br>• Пирава |
| **Четврток** | • Валандово<br>• Раброво<br>• Нови гробишта |
| **Петок** | • Индустриска зона Раброво<br>• Чалакли<br>• Дедели |

| | |
|---|---|
| Сабота | • Башибос<br>• Кочули<br>• Валандово-централно подрачје<br>• Валандово |

Тип на возило: Камион марка „BMC“ капацитет 12m³

| Ден | Населено место/подрачје |
|---|---|
| Понеделник | • Валандово – долен ден<br>• Пирава<br>• Јосифово |
| Вторник го | • Брајковци<br>• Балинци |
| Среда | • Удово |
| Четврток | • Валандово – долен ден<br>• Пирава<br>• Јосифово |
| Петок | • Брајковци<br>• Балинци<br>• Марвинци<br>• Грчиште |
| Сабота | • Удово |

Тип на возило: Трактор марка „Solis 4WD“

| Ден | Населено место/подрачје |
|---|---|
| Понеделник | • Валандово |
| Вторник | • Валандово |
| Среда | • Валандово<br>• Валандово |
| Четврток | • Казандол |
| Петок | • Валандово |
| Сабота | • Валандово |

**Тип на возило: Трактор марка „Ferguson model 533“**

| Ден | Населено место/подрачје |
|---|---|
| | • Валандово |
| **Понеделник** | • Индустриска зона, Раброво |
| | • Пирава |
| **Вторник** | • Јосифово |
| | • Удово |
| | • Валандово |
| **Среда** | • Индустриска зона, Раброво |
| | • Брајковци |
| **Четврток** | • Балинци |
| | • Пирава |
| **Петок** | • Јосифово |
| | • Удово |
| | • Марвинци |
| **Сабота** | • Грчиште |
| | • Брајковци |
| | • Балинци |

***Комунален отпад***

Комуналниот отпад е значајно застапен во вкупните количини на отпад создадени во општината, а го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржување на јавната хигиена и отпадот од парковите, комерцијалните субјекти, институциите, како и отпадот создаден во индустријата, а е сличен на отпадот од домаќинствата. Мал дел од комуналниот отпад е опасен: малите преносливи батерии кои содржат тешки метали и киселини, пакувања со остатоци од бои, разредувачи, киселини, алкалии, површинско активни материи, инсектициди и сл. Создавањето на комуналниот отпад во општината, доследно го следи општото правило дека, во густо населените урбани области се создаваат поголеми количини комунален отпад отколку во подрачјата со доминантно рурален карактер.

На дневно ниво во просек се собира околу 54 m$^3$ комунален отпад, а во текот на една година околу 15.550 m$^3$ комунален отпад, кој го создаваат домаќинствата и истиот се депонира на депонијата „Сува река“. Депонијата „Сува Река“ се наоѓа на 5 km, оддалеченост од градот Валандово и истата зафаќа површина од 2000 m$^2$.

Во текот на 2024 година, се изврши и комплетно чистење и собирање на депонијата Сува река.



***Селектиран отпад***

Одделно собирање на отпад (селекција) е собирање на одделно селектиран отпад, според видот и карактеристиките на отпадот, за да се олесни соодветниот третман на истиот.

Селектираниот отпад од пакување, ЈП Комунален Сервис, го спроведува преку апликацијата „СЕЛЕКТИРАЈ ОТПАД".

Активно во селектирањето на отпадот се вклучени 125 домаќинства и 25 државни и јавни институции и повеќе правни лица (ресторани и кафетерии).

Како посебни фракции од отпадот од пакување во текот на годината се собираат:

- Пластика 2,5 t
- Хартија 3 t
- Стакло 10,8 t
- Елктронски отпад 1,5 t




***Индустриски отпад***

Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

Индустрискиот отпад се состои од сите видови на отпад создадени во индустриите, како од самиот индустриски процес во Општина Валандово.

Индустрискиот отпад воглавно се јавува како:

- неопасен отпад (сите видови отпад создадени во рамките/кругот на индустрискиот капацитет, кои не содржат како конституенти опасни супстанци, или кои содржат опасни супстанци под утврдените гранични концентрации) и
- опасен отпад (видови опасен отпад наведени во Листата на видовите отпад и означени со ѕвездичка).

Отпадот кој доаѓа од индустриите како и останатиот комунален отпад се собира и се депонира на депонијата „Сува Река“, во зависност од видот на отпадот. ЈП Комунален Сервис има склучено договор со индустриските капацитети за подигање на отпадот и истиот редовно се подига во согласност со динамиката на подигање, транспортирање и одлагање на отпадот, воспоставена од претпријатието.

Индустриските капацитети во општината, во текот на еден месец, создаваат во просек 10.100 kg неопасен отпад, од кој текстилот е застапен од околу 30% од вкупната количина на индустриски отпад.

## ЈАВНА ЧИСТОТА

Одржувањето на јавната чистота преставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини.

Под одржување на јавната чистота се подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини, отворени простори на јавни објекти, тротоари, паркинг простори, детски игралишта, плоштади, кејови, мостови, надвозници, градски гробишта, пазари, градски паркови, улични тревници, јавни санитарни јазли , како и чистење на снег во зимски услови. Во 2024 година се изврши набавка на циклон за расфрлање на ризла и сол.

ЈП Комунален сервис по налог на општина Валандово учествува во чистење на јавните површини при организирање на настани од јавен карактер и тоа по потреба со дежурни екипи во две смени со цел да се запази хигиената на градот и населените места кога за тоа ќе се укаже потреба .



## ПАЗАР

Градскиот пазар во Валандово се протега на површина од 2500 м$^2$ на која се врши продажба на земјоделски производи, текстил и друга стока за која не е потребна посебна

дозвола за вршење на промет. Пазарот се одржува секоја среда, освен за државни или верски празници каде што се организира еден ден порано.

Врз основа на Одлуката донесена од Советот на Општина Валандово за уредување на јавен простор за продажба на сопствени земјоделски производи од страна на индивидуални земјоделски производители на територијата на Општина Валандово бр.08-95/14 од 30.08.2023 година, уреден е простор за продажба до индустриска зона Раброво, каде што се поставени тезги за продажба. Согласно одлуката, Управниот одбор донесе правилник за начинот и постапката за закуп на тезги за продажба на сопствени земјоделски производи, а ЈП Комунален сервис, започна и со склучување на договори на индивидуални земјоделци кои ги користат тезгите на уредената локација.

## ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Со донесените одлуки на Советот на општина Валандово, ЈП „Комунален сервис" како единствено јавно претпријатие беше назначено да стопанисува со новите градски гробишта во Валандово како и одржувањето на истите. Официјално се почна во месец октомври 2019 година.

Согласно потребите во текот на 2024 година се изврши парцелизација на нови гробни места.

Гробиштата освен во градот Валандово, се одржуваат и во Јосифово и Удово, каде што се врши косење, чистење на гранки и вегетација како и одстранување на отпадот.

## ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЗА ТРАНСПОРТ

1 . **Специјално возило** за собирање на отпад марка Митсубиши фусо со зафатнина на собирен кош од 8 м3. Возилото е набавено со помош на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (**РЕЦ**) и дел од сретствата ги одобри Општина Валандово. Ова возило е со механизам за подигање на контејнери до 1,1 м3.

2. **Специјално возило** за собирање на отпад марка БМЦ со зафатнина на собирен кош од 12 м3 и надградба за подигање контејнери од 1,1 м3. Година на производство 2012,

3. **Трактор со приколка** е од марката Фергусон - 533 стар е преку 40 год. и сеуште се користи. Служи за собирање на комунален отпад пред се во град Валандово и при пренос на водоводни и градежни материјали до потребното место.

4. **Трактор со приколка** марка ДФ-ДОНГФЕНГ 354/4WD за потребите на претпријатијата за собирање на отпад по другите населени места и пренос на водоводни и градежни материјали. Година на производство 2000 година.

5. **SOLIS 75 4WD** со кабина и тракторска **приколка ТИНАЗ 4 т** .Од 2021 год располагаме со уште еден трактор со приколица со кој дополнително го зголемуваме капацитетот на работа .

6. **Даска за чистење на снег во зимски услови**

7. **Цистерна за чистење на септички јами ММА** која ги опслужува домаќинствата кои не се приклучени во канализациона мрежа.

8. **Машина метларка** која има голем удел во хигиената на јавните површини во градот .

9.**Мобилна машина ровокопач-натоварувач** од марката Коматсу (Komatsu) добиен е

како донација од Јапонската амбасада преку GGP грантот во 2019 година. Со набавката на ова основно средство придобивките за претпријатието се големи.

## НАПЛАТА НА СМЕТКИ ПРЕКУ ВЕБ СТРАНА

ЈП„ Комунален Сервис“ успешно го спроведува процесот на електронска наплата на сметки преку веб страната esmetka.ksv.mk.

Наплата по месеци во 2024 година, изразена во денари

| Месец | Вкупно упл. | износ | Провизија | нето |
|---|---|---|---|---|
| Јануари | 95 | 72043 | 1404 | 70639 |
| февруари | 95 | 60405 | 1178 | 59227 |
| Март | 115 | 74245 | 1448 | 72797 |
| Април | 104 | 70479 | 1382 | 69097 |
| Мај | 90 | 65754 | 1283 | 64471 |
| Јуни | 92 | 69946 | 1362 | 68584 |
| Јули | 125 | 108155 | 2113 | 106042 |
| Август | 115 | 102765 | 2006 | 100759 |
| септември | 117 | 130787 | 2554 | 128233 |
| Октомври | 114 | 109236 | 2129 | 107107 |
| Ноември | 108 | 105747 | 2068 | 103679 |
| Декемви | 112 | 98835 | 1924 | 96911 |
| **Вкупно** | **1282** | **1068397** | **20851** | **1047546** |

Од приложените податоци во табелата, може да се види дека има зголемување на лица кои сметките ги плаќаат електронски, а на граѓаните им овозможува брза наплата без притоа да плаќаат провизија.

**ПРЕДЛАГАЧ:**
**ЈП Комунален Сервис**
**в.д. директор Глигорије Цилвиџиев**

Јавно претпријатие
КОМУНАЛЕН СЕРВИС Валандово
Бр. 02-31/2
13.01. 2025 год.

Врз основа на член 19 точка 4 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), и член 22 став 2 точка 4 од Статутот на ЈП Комунален сервис Валандово, Управниот одбор на својата редовна седница одржана на 10.01.2025 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за работата на**
**ЈП Комунален сервис Валандово за 2024 година**

**Член 1**

Управниот одбор при ЈП Комунален сервис Валандово на својата седница одржана на ден 10.01.2025 година го усвои Извештајот за работата на ЈП Комунален сервис за 2024 година.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на добивање согласност од Советот на општина Валандово.

**ЈП Комунален сервис Валандово**
Претседател на Управен одбор
Мирјана Пеева

______________________________